РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИКА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 0102 - 321/1
3. 7. 2023 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

ООУ „Свети Кирил и Методиј“



Свети Николе

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на училиштето во учебната 2022/2023 година

Јуни 2023

Годишниот извештај за работата на ООУ„Свети Кирил и Методиј“ е изработен според Законот за Основно образование, Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2022/2023 година, Анекс програмите кои се составен дел на Годишната програма, Правилникот за формата и содржината на Годишната програма, укажувањата на одговорниот советник на Бирото за развој на Р. Македонија, Државниот просветен инспектор, извештаи на наставниците,стручна служба, стручните активи, Самоеавалуацијата на училиштето, Советот на родителите и Училишниот одбор. Целта и задачите на извештајот е да се проследат материјално-техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, облиците на наставна и воннаставна активност, проекти кои се реализираат во училиштето, грижата за здравјето на учениците, училишна клима и односи во училиштето, вклученоста на семејствата во училиштето, соработка со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците.

***ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО***

- ООУ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ Свети Николе е лоцирано во централното градско подрачје на ул. ,,Анѓел Трајчев“ бр.40, Свети Николе. Започнува со работа во далечната 1969 година во сега постоечката училишна зграда во која учеа ученици од петто до осмо одделение.
- На 29.6.1973 год. единственото основно училиште во градот со Одлука бр.02-1071/14 на Собранието на Општина Свети Николе беше поделено на две училишта што го означува и почетокот на работата на ООУ„Свети Кирил и Методиј “ со статус на самостојно училиште. Училиштето стартуваше со 27 паралелки од кои 12 паралелки во одделенска настава и 13 паралелки во предметна настава и две групи ученици во предшколско образование (забавиште). Вкупниот број на ученици во 1973/74 година изнесуваше 784. Во тој период како подрачни училишта припаѓаа и училиштата во селата Долно Ѓуѓанце, Павлешенци и Стањевци со вкупно 5 комбинирани паралеки од прво до четврто одделение.
- Денеска училиштето работи во две смени и има вкупно 34 паралелки од прво до деветто одделение. Една паралека за деца со посебни образовни потреби во склоп на училиштето, една комбинирана паралека во подрачното училиште со ученици во прво,второ трето, и петто одделение.Од оваа учебна гоина имаме и настава во паралелка со продолжен престој со 18 ученици .Наставата се изведува на македонски јазик.

Училиштето е отворено за соработка со надлежните воспитно - образовни институции, редовно следи и реализира одредени проекти од областа на иновациите во наставата и соработува со други училишта и Локалната заедница.

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето:** | ООУ ,,Свети Кирил и Методиј” |
| **Адреса на училиштето:** | ул. Ангел Трајчев бр.40, Свети Николе |
| **Контакт податоци :Тел - факс/** | 032/ 443- 110 |
| **Е-маил:** | oukirilimetodij@yahoo.com |
| **Основано од** | Собрание на Општина Свети Николе , 29.06.1973 |
| **Верификационен број :** | 02-1071/14 |
| **Година на верификација** | 1973 |
| **Јазик на кој се изведува наставата:** | македонски јазик |
| **Година на изградба на училишната зграда** | 1969 |
| **Тип на градба :** | масивна |
| **Вкупна површина :** | 3644м2 |
| **Вкупна површина на училишен двор:** | 8785 м2 |
| **Училиштето работи во смени :** | Две |
| **Начин на загревање на училиштето** | Сопствено парно греење |
| **Број на одделенија:** | 9 |
| **Број на паралелки:** | 34 паралелки + 1 за ученици со посебни образовни потреби + 1 во подрачното училиште + 1 паралелка за ученици во продолжен престој, вкупно 37 |
| **Број на смени:** | 2 |
| **Статус на еко-училиште** | / |

## Просторни услови за работа на училиштето

| | ЦЕНТРАЛНО УЧИЛИШТЕ | ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ |
|---|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | 1 | 1 |
| Училиштен двор | 6785м2 | 2000м2 |
| Број на подрачни училишта | 1 | 1 |
| Бруто површина на објект | 10364м2 | 2210м2 |
| Нето површина | 3579м2 | 210м2 |
| Број на спортски терени - спортска сала | 1 | / |
| Број на катови | 2 | / |
| Број на училници | 16 | 1 |
| Број на помошни простории | 4 | 1 |
| Специјализирани училници | 7 | / |
| Училишна библиотека | 1 | / |
| Канцеларии | 7 | 1 |
| Начин на загревање на училиштето | Сопствено парно греење | Сопствено греење |

# ***Материјално – технички услови***

- Санација на таванските простории во ходниците на трите ката во училиштето со поставување на амстронг плочи
- Молерисување на ходниците на трите ката
- Нанесување на мрсна боја на ѕидовите од ходниците до постоечка висина на трите ката
- Набавени се 7 интерактивни табли
- Набавкан на 7 ЛЦД проектори.
- Донација од IBP(International Book Project)во училишната библиотека од 410 книги на англиски јазик.
- Донација на две интерактивни табли и ЛЦД проектори од оптшествено-одговорните компании „Андонов ДООЕЛ“, Свети Николе и „Инбокс-Архивски дата центар“, Скопје
- Наставно образовни помагала (20 историски карти, 17 географски карти, 2 глобуса, анемометар, компаси модели на Сончев систем, на Сонце, на Заемја, на месечеви мени, илустрирани материјали...)

## ***Структура на училиштето***

- ***Членови на Училишен одбор:*** Милица Тосевска Апостолова – Претседател, претставник од Совет на родители, Кети Димкова - одделенски наставник, Дијана Душанова Тосева, - предметен наставник, Соња Петкова – предметен наставник, Каролина Андушова - претставник од Совет на родители, Катерина Јованчева – претставник од Совет на родители, Благој Коцев – претставник од Основачот
- ***Членови на Совет на родители:*** Томислав Арсовски , Сашка Трајчева Стаменкова, Дејан Гичев, Христина Стошиќ, Снежана Мицевска, Христина Стаменкова, Катерина Иванова, Јулијана Донева, Василка Николова, Никола Донев, Емилија Стоилев, Татјана Петровска, Елена Златева, Фросина Глигоров, Весна С. Митева, Марија Серафимов, Наташа Ордева, Фросина Саздевска, Елеонора М. Илиева, Марија М. Коцева, Александра Симоновска, Фросина Трајчева, Деспина Станкова, Лазо Донев, Катерија Јованчева, Игор Манев, Милица Т. Апостолова, Ленче Динушева, Татјана Василова, Каролина Андушева, Бранкица Арсовска,Даниела Струкова,Елена Китанова Ѓошевска,Маја Арсова,Оксана Донева.

- ***Стручни активи: Природно-математички актив:  Верка Давчева и Маријана Строиманова***

  ***Општествено-јазичен актив:   Јасмина Б. Кралева и Андријана Г. Петрушева***

  ***Спортско-уметнички актив:   Александар Радев и Тони Цветковски***

  ***Актив на одделенска настава:   Иле Михајловски и Катерина Стоилевска***

  Активности - креирање на електронска платформа со прашања и предлози, креирање профили за комуникација меѓу наставниците, родителите и учениците, предлагаат иновации во наставните програми, предлагаат теми за обуки на наставниците, планираат нагледни часови, десиминација од посетени семинари, предлагаат теми за предавање од стручната служба во училиштето.

- ***Одделенски совети (број на наставници):  20 – одделенска настава, 34– предметна настава.***

- ***Членови на Ученички парламент:*** *35 ученици од прво до деветто оддеение.*

- ***Ученички правобранител:****1 ученик.*

## НАСТАВЕН КАДАР  И  НЕНАСТАВЕН КАДАР

| **Наставен и ненаставен кадар** | **Вкупно** | **Етничка и полова структура на вработени** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | 79 | 15 | 63 | | | | | | | | 1 |
| **Број на наставници кои реализираат одделенска настава** | 20 | 1 | 19 | / | / | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на наставен кадар во предметна настава** | 34 | 6 | 27 | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| **Број на стручни соработници** | 6 | / | 6 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работници** | 3 | / | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Техничка служба** | 15 | 8 | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Помошник-директор** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Директор** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |

### *Степен на образование на вработени*

| **Образование** | **Број на вработени** |
|---|---|
| **Високо образование** | 59 |
| **Виша стручна спрема** | 2 |
| **Средно образование** | 7 |
| **Основно образоване** | 7 |
| **М-р.** | 3 |

### *Старосна структура на вработени*

| **Години** | **Број на вработени** |
|---|---|
| 20-30 | 3 |
| 31-40 | 34 |
| 41-50 | 22 |
| 51-60 | 20 |
| 61-пензија | / |

**Ученици:**

| ***Одделение*** | ***Бр. на паралелки*** | ***Македонци*** | | ***Албанци*** | | ***Турци*** | | ***Роми*** | | ***Вкупен број на ученици*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| **I** | 3 | **35** | **25** | | | | | | | 60 |
| **II** | 4 | **35** | **27** | / | / | / | / | 1 | / | 63 |
| **III** | 4 | **24** | **34** | / | / | / | | / | / | 58 |
| **IV** | 4 | **39** | **21** | / | / | / | / | / | / | 60 |
| **V** | 4 | **33** | **21** | / | / | / | / | / | / | 54 |
| **VI** | 4 | **38** | **24** | / | / | / | / | / | / | 62 |
| **VII** | 3 | **33** | **23** | / | / | / | 1 | / | / | 57 |
| **VIII** | 4 | **34** | **35** | / | / | / | / | | / | 69 |
| **IX** | 4 | **21** | **33** | / | / | / | / | / | / | 54 |
| **Вкупно** | 34 | **292** | **243** | / | / | / | **1** | **1** | / | 537 |
| **Паралелка за ученици со ПОП** | 1 | **1** | / | / | / | / | / | / | / | 1 |

## *Подрачно училиште во с. Долно Ѓуѓанци*

Училиштето е од развиен тип и во него се образуваат ученици  започнувајќи од I до IX одд. Во склоп на училиштето работи и подрачното училиште во село Д. Ѓуѓанци каде наставата се изведува од прво до петто одделение.

| **Одделение** | **Број на паралелки** | **Машки** | **Женски** | **Број на ученици** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 1 | / | 1 | 1 | 4 |
| **II** | | 1 | / | 1 | |
| **III** | | / | 1 | 1 | |
| V | | 1 | / | 1 | |

## *МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО*

***ООУ „Свети Кирил и Методиј“ – синоним за квалитетно образование за сите ученици, користејќи современи методи и облици на работење. Поттикнува развој на општата култура ,трасира пат за личен раст и развој на ученикот. Со отворена комуникација се создава топло, пријатно и поттикнувачко опкружување.***
***Негува доблесни, морални и етички вредности како и мултиетничка толеранција.***

## *ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО*

***„ОД ВРУТОЦИТЕ НА ОСНОВНО, КОН УТОКАТА НА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ “***

- ***Стекнати искуства***

Во изработка на Годишната програма за работа на училиштето ги користевме поуките и искуствата од работата на училиштето во изминатите учебни години и анализита на работењето на сите органи и тела кои функционираат во училиштето. Годишната програма на ООУ ,,Свети Кирил и Методиј" е изработена врз основа на:

- ***Организирањето на наставата, планирањето и подготовката, следењето и оценувањето на учениците, изборот на форми и методи од страна на наставниците, опременоста на училиштето со нагледен наставен материјал, примената на ИКТ .***
- ***Континуираното одржување на хигиената во училиштето (училниците, тоалетите, училишниот двор и ходниците) овозможија услови за здрав живот.***
- ***Соработката со родителите, известувањето и препораките за напредокот на нивните деца покажа подобар резултат за успехот на учениците.***
- ***Посетата на семинари и советувања од страна на наставниците даде добри резултати во модернизација и усовршување на наставата.***
- ***Вклученоста на училиштето во неколку проекти води кон добри резултати.***
- ***Уредувањето на кабинети, училишни работилници, игралишта, училишен двор и слично ја направи училишната средина пријатно место за работа, учење и престој.***
- ***Со изготвувањето на тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците континуирано се следат постигањата и успехот на учениците.***
- ***Големиот број на млад, високообразовен стручен кадар и наставниците со долгогодишно работно искуство се темел на квалитетот на работата на училиштето.Промоција на училиштето преку локалните медиуми, блог страната, WEB страна и ФБ страна.***

## ПОДРАЧЈЕ НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Училиштето континуирано ја следи својата работа преку самоевалуација, а како резултат на неа и имајќи ја предвид визијата на училиштето и програмата за развој констатирана е потребата од промени во следните области во насока на подобрување и усовршување:

- Поголема вклученост на родителите во животот и работата на училиштето;
- Планирање и реализирање на повеќе воннаставни активности
- Воспоставување на поголема заемна соработка на ниво на стручни активи
- Развивање на поголема интеракција и соработка помеѓу ученик- ученик и ученик- наставник
- Професионален развој на наставниот кадар
- Зајакнување на капацитетот на ученичката заедница
- Индивидуална работа со децата со посебни образовни потреби и инклузираните уценици кои имаат наод и мислење од стручен тим
- Користење на различни начини на информирање на родителите и јавноста за активностите кои се реализираат во училиштето;
- Збогатување на училишните библиотеки со лектири и стручна литература и нивно дигитализирање
- Набавка на нови нагледни средства потребни за успешно реализирање на наставата
- Подобрување на материјално- техничките услови во училиштето и естетско уредување.
- и други промени се со цел благовремено надминување и елиминирање на согледаните негативности, и слабости во текот на учебната година.

Утврдени приоритети за промени за тековната учебна година

ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе за тековната учебна година ги утврдува следните приоритети:

- **Поголема подршка во реализирање на младински активизам во училиштето**
- **Меѓусебна соработка меѓу наставниците во процесот на реализирање на современа настава**
- **Подобрување на материјално- техничките услови во училиштето и естетско уредување**.

# Акциски план

| *Приоритети* | *Задачи* | *Активности* | *Време на реализација* | *Одговорни лица* |
|---|---|---|---|---|
| ***1.Реновирање на централното училиште и училишниот двор*** | Подобрување на условите за работа. | Детектирање на постоечката состојба. Изработка на потребна документација. Стапување во контакт со донатори. | Јули – Август 2024 | Комисија за јавнинабавки, изведувач |
| ***2. Набавка на шкафови зазаштита и чување на нагледно-наставните помагала во училниците и набавка на училишни клупи столчиња*** | Подобрување на условите за работа, подобра заштита на нагледно-наставните помагала во училниците | Детектирање на постоечката состојба. Изработка на потребна документација. Стапување во контакт со донатори | Јули-август 2023 | Комисија за јавни набавки |
| ***3. Реновирање во ПУ во с.Долно Ѓуѓанце*** | Подобрување на условите за работа. | Детектирање на постоечката состојба. Изработка на потребна документација. Поправка на внатрешните sидови, прозори и врати. | Јуни-Август 2023 | Комисија за јавнинабавки, изведувач |
| ***Набавка на интерактивни табли и ЛЦД проектори*** | Подобрување и осовременување на наставата | Изработка на потребна документација | Јули-август 2023 | Комисија за јавни набавки |
| ***Реконструкција и молерисување на sидните површини во спортската сала во централното училиште*** | Подобрување на условите за работа | Детектирање на постоечката состојба. Изработка на потребна документација. Поправка на внатрешните sидови, молерисување и санација на цоклето | Јули-август 2023 год. | Комисија за јавни набавки, изведувач |

## ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИОНИТЕ ПЛАНОВИ

| ***ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИОНИТЕ ПЛАНОВИ*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Приоритети*** | ***Критериуми за успех*** | ***Инструменти*** | ***Индикатори за успешност*** | ***Одговорни за Следење*** |
| ***Реновирање на централното училиште и училишниот двор*** | Подобрување на условите за работа. | Санација на таванските сидови, на подовите во училниците, замена на вратите во училниците и реконструкција на училишниот двор | Подобрена изолација и заштеда на топлотна енергија, зголемување на безбедноста на учениците и вработените | Изведувач, надзорен орган |
| ***Набавка на шкафови за заштита и чување на нагледно-наставните помагала во училниците*** | Поквалитетна настава, мотивирани наставници и ученици, подобри резултати | Набавени нагледни и технички средства | Поквалитетна настава , подобри резултати | Комисија за набавки |
| ***Реновирање во ПУ во с.Долно Ѓуѓанце.*** | Подобрување на условите за работа. | Поправка на внатрешните сидови, прозорите и вратите. | Подобрена изолација и заштеда натоплотна енергија | Изведувач, надзорен орган |
| ***Набавка на интерактивни табли и ЛЦД проектори*** | Поквалитетна настава, мотивирани наставници и ученици, подобри резултати | Набавени нагледни и технички средства | Поквалитетна настава , подобри резултати | Комисија за набавки |
| ***Реконструкција и молерисување на sидните површини во спортската саја во централното училиште*** | Подобрување на условите за работа. | Поправка на внатрешните sидови, молерисување и санација на цоклето | Поквалитетна настава, зголемување на безбедноста на учениците и вработените | Изведувач, надзорен орган, комисија за набавки |

**Календар за организацијата и  работата во основното училиште**

Учебната 2022/2023година започнува на 1 септември 2022 година, а завршува 31 август 2023 година.

Наставната година започнува на 1 септември 2022 година и  завршува на 9 јуни 2023 година.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија: I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2022 година и завршува на 30 декември 2022 година. Второто полугодие започнува на 18 јануари 2023 година и завршува на 9 јуни 2023 година.

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2022 година и завршува на 17 јануари 2023 година. Летниот одмор започнува на 10 јуни 2023 година и завршува на 31 август 2023 година.

Основните училишта во времето од 12 јуни до 23 јуни 2023 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 15 август до 21 август 2023 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недла.

Во текот на наставната година се остваруваат 180 наставни денови.

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации.

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, денот на училиштето  и традиционалниот ен на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

За учениците кои не ги посетуваат ученичките екскурзии, училиштето организира редовна настава согласно распоредот на наставни часови.

## *КАЛЕНДАР ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕБНАТА 2022 / 2023 ГОДИНА* ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

- МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 52 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), министерот за образование и наука донесе

К А Л Е Н Д А Р

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТАВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

Член 1

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовна дејност и ученички одмор за учебната 2022/2023 година.

Член 2

Учебната година во основните училишта почнува на 1 септември 2022 година, азавршува на 31 август 2023 година.

Наставната година започнува на 1 септември 2022 година и завршува на 9 јуни2023 година.

Член 3

Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие.

Првото полугодие започнува на 1 септември 2022 година и завршува на 30декември 2022 година.

Второто полугодие започнува на 18 јануари 2023 година и завршува на 9 јуни2023 година.

Член 4

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор.

Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2022 година и завршува на 17јануари 2023 година.

За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2023година до 10 јануари 2023 година користат платени неработни денови.

Летниот одмор започнува на 10 јуни 2023 година и завршува на 31 август 2023година.

Член 5

Основните училишта во времето од 12 јуни до 23 јуни 2023 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 15 август до 21 август 2023 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испитии ги спроведуваат истите.

Член 6

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.

Член 7

Во учебната 2022/2023 година наставата се остварува во 180 наставни денови.

Член 8

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации.

Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува соорганизирање на културни и други манифестации.

Денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадницитена заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми за манифестациите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 9

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, денот научилиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

За учениците коишто не ги посетуваат ученичките екскурзии, училиштето организира редовна настава согласно распоредот на наставни часови.

Член 10

Со денот на отпочнувањето на примената на овој календар престанува да важиКалендарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2021/2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 159/21, 13/22 и 127/22).

Член 11

Овој календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од1 септември 2022 година.

**К А Л Е Н Д А Р**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА КАЛЕНДАРОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

Член 1

Во Календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2022/2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/22), во член 2 став 2 зборовите „9 јуни“ се заменуваат со зборовите „14 јуни“.

Член 2

Во член 3 во ставот 3 зборовите „18 јануари“ се заменуваат со зборовите „23 јануари“, а зборовите „9 јуни“ со зборовите „14 јуни“.

Член 3

Во член 4 во ставот 2 зборовите „17 јануари“ се заменуваат со зборовите „22 јануари“.

Во ставот 3 зборовите „10 јануари“ се заменуваат со зборовите „12 јануари“.
Во ставот 4 зборовите „10 јуни“ се заменуваат со зборовите „15 јуни“.

Член 4

Во членот 5 зборовите „12 јуни“ се заменуваат со зборовите „16 јуни“.

Член 5

Овој календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 18-9448/2<br><br>Бр. 08-329/2 | **Министер за образование и наука** |
| 09.08.2022 година<br><br>12.01.2023 година<br><br>Скопје | **Доц.Др. Јетон Шакири** |

# НАСТАВА

***Вид на настава***

Основната и најважната задача на училиштето е организација на воспитно- образовната дејност. За начинот и организирањето на наставата и другите активности на основното училиште се користи Законот за основно образование и упатствата на МОН и БРО на Република Македонија и при тоа се води сметка за ангажираноста на наставниците во реализацијата на наставата по задолжителни и изборни предмети.

Во училиштето ќе бидат организирани следните видови на настава: настава по задолжителни предмети, настава по изборни предмети, дополнителна настава, додатна настава .Продолжен престој оваа година нашето училиште почна да се реализира ,18 ученици од прво одделение се сместени во ова паралелка.Од оваа учебна година се реализира настава по новата концепција за прво,второ, четврто и петто одделение изработена од страна на БРО,прифатена и спроведена од МОН.

***Организација на задолжителната настава:***

Наставата се реализираше по распоред за работа на седмичен фонд на часови од редовните, дополнителните, додатните часови, слободните активности и изборните предмети. Распоредот на часовите се реализираше во две смени со траење на часовите до 40 минути со физичко присуство .

За успешна реализација на наставната работа наставниците си изработија годишни глобални планирања кои ги опфатија програмските содржини и тематски планирања, со цели, задачи, активности и време на реализација.

Реализацијата на часовите од редовната настава во училиштето од I до IX одделение во првото полугодие во учебната 2022/23година во проценти изнесува **100 %,**.Од I до V одд. изнесува **100 %,** додека од VI до IX одд. изнесува **100 %,** Во подрачното училиште во с.Д.Ѓуганце наставата е реализирана со физичко присуство во прво одд. **100 %** во второ одд. **100 %** и во трето одд.**100%**,пето одд. **100%** или вкупно **100%** Процентот на реализација на часовите од редовната настава во посебната паралелка изнесува во прво одделение изнесува **100%**

Основните училишта во времето од 16 јуни до 23 јуни 2023 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 15 август до 21 август 2023 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.
.

**Реализирани се вкупно 180 работни наставни денови**

*Извршители во одделенска настава во учебната 2022/23 година:*

| ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ ВО УЧЕБНАТА 2022/2023ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| **паралелка** | **Име и презиме на одделенскиот наставник** | **паралелка** | **Име и презиме на одделенскиот наставник** |
| **I-1** | Билјана Јордановска | **III-4** | Катерина Митева |
| **I-2** | Марија И. Зафирова | **IV-1** | Елена Гавевска |
| **I-3** | Иле Михајловски | **IV-2** | Наташа Трајчева |
| **II-1** | Јасмина Мишева | **IV-3** | Емилија Стојановска |
| **II-2** | Ружица Атанасова | **IV-4** | Славица Конева |
| **II-3** | Валерија Мацова | **V-1** | Александра Рисафова |
| **II-4** | Даниела Јанева | **V-2** | Татјана Апостолова |
| **III-1** | Фимка П. Арапиноска | **V-3** | Лидија Лазева |
| **III-2** | Лидија Миланова | **V-4** | Снежана Мишевска |
| **III-3** | Валерија Ивановска | **Комбинирана паралелка воПОУ „Свети Кирил и Методиј“ с. Долно Ѓуѓанце** | Катерина Стоилевска |
| **Комбинирана паралелка за ученици со посебни образовни потреби** | | | |
| **Име и презиме на специјалниот едукатор и рехабилитатор** | | | Драгана Митрушева<br>Ивана Трајчева |

***Извршители во предметна настава по предмети и одделенија за учебната 2022/2023 год.***

| **Р А С П О Р Е Д Н А Н А С Т А В Н И Ц И учебна 2022 /23 година** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Име и презиме** | **Предмет** | **одделение** | **Одделенски раководител** | **бр. часов** | **вкупно** |
| **1** | **Христина Салтирова**<br><br>**Сања Ваневска Николова** | Македонски јазик | $9^{1\ 2\ 3}$; $6^{2\ 4}$ | $9^{2}$ | **20** | **21** |
| **2** | **Анастазија Саздова** | Македонски јазик | $9^{4}$ ; $8^{1\ 2\ 3\ 4}$ | $8^{2}$ | **20** | **21** |
| **3** | **Фросина Златевска** | Македонски јазик | $6^{1\ 3}$ ; $7^{1\ 2\ 3}$ | | **20** | **20** |
| **4** | **Саша Мицевска** | Англиски јазик | $2^{1}$; $5^{1\ 2}$ ; $6^{1\ 2\ 3\ 4}$ | | **20** | **20** |
| **5** | **Горица Коцева** | Англиски јазик | $4^{2\ 4}$ ;$8^{1\ 2\ 3\ 4}$; $2^{3}$ | $8^{1}$ | **21** | **22** |
| **6** | **Снежана Наумова** | Англиски јазик | $7^{1\ 2\ 3}$; $9^{1\ 2\ 3\ 4}$ | $9^{3}$ | **21** | **22** |
| **7** | **Даниела Димитриева** | Англиски јазик | **5 Д.Ѓ**, $2^{2}$ ; $4^{1\ 3}$ ; $5^{3\ 4}$ $3^{1}$ | | **20** | **20** |
| **8** | **Дијана Д. Тосева** | Француски јазик | $6^{3}$, $8^{4}$, $9^{4}$ ; $7^{1,3\ г}$ | $8^{4}$ | **8** | **9** |
| **9** | **Андријана Петрушева** | Италијански јазик | $6^{1\ 2\ 4}$ $7^{2}$ ,$8^{1\ 2\ 3}$; $9^{1\ 2\ 3}$ | $6^{2}$ | **20** | **21** |
| **10** | **Сања Данева** | Италијански јазик | $7^{1,3\ г}$ | | **2** | **2** |
| **11** | **Диана Димова Лазева** | Математика | $6^{1\ 2\ 3\ 4}$ | | **20** | **20** |
| **12** | **Соња Петкова** | Математика | $7^{1\ 2\ 3}$ $9^{1\ 2}$ | $7^{3}$ | **20** | **21** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **13** | **Тодорка Ордева** | Математика | $9^{3\,4}$; $8^{1\,3\,4}$ | $9^{4}$ | **20** | **21** |
| **14** | **Славица Панева** | Физика | $8^{1\,2\,3\,4}$; $9^{1\,2\,3\,4}$ | | **16** | **20** |
| | | Математика | $8^{2}$ | | **4** | |
| **15** | **Весна Кралева** | Хемија | $9^{1\,2\,3\,4}$ | $7^{2}$ | **8** | **21** |
| | | Природни науки | $5^{1\,2\,3\,4}$ | | **8** | |
| | | Унапредување на здравјето | **2 гр.** | | **4** | |
| **16** | **Соњица Давкова** | Биологија | $7^{2}$ $9^{1\,2\,3\,4}$ | | **10** | **20** |
| | | Хемија | $8^{1\,2\,3\,4}$ | | **8** | |
| | | Истражување на родниот крај | **1 гр.** | | **2** | |
| **17** | **Соња Андроникова** | Природни науки | $6^{1\,2\,3\,4}$ | $6^{1}$ | **8** | **21** |
| | | Биологија | $7^{1\,3}$; $8^{1\,2\,3\,4}$ | | **12** | |
| **18** | **Дејан Димовски** | Историја | $8^{1\,2\,3\,4}$; $6^{1\,2\,3\,4}$ | $6^{4}$ | **16** | **21** |
| | | Класична култура во евр.цив. | **2 гр.** | | **4** | |
| **19** | **Јасмина Б. Кралева** | Историја | $7^{1\,2\,3}$; $9^{1\,2\,3\,4}$ | $9^{1}$ | **14** | **21** |
| | | Истражување на родниот крај | **1 гр.** | | **2** | |
| | | Граѓанско образование | $9^{1\,2\,3\,4}$ | | **4** | |
| **20** | **Маријана Строиманова** | Географија | $6^{1\,2\,3\,4}$; $7^{1\,2\,3}$; $8^{1\,2\,4}$ | | **20** | **20** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | **Марина Доневска**<br><br>**Оливера Лазева Митева** | Географија | **$8^{3}$; $9^{1 2 3 4}$** | | **10** | **10** |
| 22 | **Кирил Трајчев** | Етика | **$7^{1 2 3}$** | | **3** | **11** |
| | | Запознавање на религиите | **2 гр.** | | **4** | |
| | | Граѓанско образование | **$8^{1 2 3 4}$** | | **4** | |
| 23 | **Жаклина Трајанова** | Информатика | **$6^{1 2 3 4}$; $7^{1 2 3}$** | **$6^{3}$** | **11** | **22** |
| | | Проекти од информатика | **2 гр.** | | **4** | |
| | | Програмирање | **1 гр.** | | **2** | |
| | | Иновации | **$9^{1 2 3 4}$** | | **4** | |
| 24 | **Верка Давчева** | Техничко образование | **$5^{1 2 3 4}$ ; $6^{1 2 3 4}$; Д.Ѓ.5** | | **14** | **18** |
| | | Техничко образование | **2 гр.** | | **4** | |
| 25 | **Маја Е. Стојанова** | Ликовно образование | **6; 7; 8; 9** | **$7^{1}$** | **15** | **20** |
| | | Проекти од ликовната уметност | **2 гр.** | | **4** | |
| **26** | **Тони Цветковски** | Музичко образование | **6; 7; 8; 9; хор; оркестар** | | **21** | **21** |
| **27** | **Даниела Петкова** | Физичко и здр.образование | **$6^{1 2 3}$ ;$9^{1 2 3 4}$** | | **21** | **21** |
| **28** | **Александар Радев** | Физичко и здр.образование | **$7^{1 2 3}$ ;$8^{1 2 3 4}$** | **$8^{3}$** | **21** | **22** |
| **29** | **Мики Панев** | Физичко и здр.образование | **$2^{1 2 3 4}$ ; $4^{1 2}$ Д. Ѓ 1,2,3** | | **21** | **21** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **30** | **Виктор Трендафилов** | Физичко и здр.образование | $\mathbf{4^{3\,4}\ ;\ 3^{1\,2\,3\,4}\ 6^{4}}$ | | **21** | **21** |
| **31** | **Милан Јорданов** | Физичко и здр.образование | $\mathbf{1^{1\,2\,3}}$ | | **9** | **9** |
| **32** | **Билјана П. Ладева** | Англиски јазик | $\mathbf{1^{1\,2\,3}}$ **;** $\mathbf{2^{4}}$ **;** $\mathbf{3^{2\,3\,4}}$**; Д.Ѓ.1;2.3** | | **20** | **20** |

| **Одделение** | **Број на паралелки** | **Машки** | **Женски** | **Број на ученици** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 1 | / | 1 | 1 | 4 |
| **II** | | 1 | / | 1 | |
| **III** | | / | 1 | 1 | |
| V | | 1 | / | 1 | |

Според интересите и изборот на учениците во оваа учебна година тие ги изучуват следниве изборни предмети.Во,четврто одделение Театарски работилници прво полугодие,Мултикултурни работилници во второ полугодие.Петто одделение: Цртање,сликање,вајарство во прво полугодие,а во второ полугодие Мултикултурни работилници. Во шесто одделение изучуваа предметите Запознавање на религиите (2 групи) и Класична култура во европските цивилизации (2 групи). Во седмо одделение учениците избраа да ги изучуваат предметите Проекти од ликовната уметност (2 групи) и Унапредување на здравјето (2 групи). Учениците од осмо одделение ќе изучуваат: Истражување на родниот крај (2 групи) и Проекти од информатиката (2 групи). Во деветто одделение учениците избраа да го изучуваат предметот Програмирање (1 група) и Техничко образование (2 групи).

## ИЗБОРНА НАСТАВА

Во текот на месец мај и јуни се изврши анкетирање на учениците , со подршка на родителите од III,IV,V,VI,VII,VIII деветгодишно образование ,за избор на изборен предмет во текот на наредната учебната година .

Сите изборни предмети се изведуваа проектно. Преку изработка на проекти учениците се мотивираат и поттикнуваат на самостојна работа и работа во групи, истражување, составување на реферати, изработка на практични работи,изработка на презентации и презентирање на изработките, а на тој начин во најголем дел и самостојно усвојуваат нови знаења, што е од големо значење во современото учење. Најголем дел од учениците го прифаќаат овој вид работа, активно учествува секој од групата, а на тој начин доаѓа до израз креативноста на секој ученик.

По анализата на спроведената анкета во оваа учебна 2021/2022 година се изучуваат следните изборни предмети:

| *IV одд* | *V одд,* | *VI одд* | *VII одд.* | *VIII одд.* | *IX одд.* |
|---|---|---|---|---|---|
| **Театарски Работилници**<br><br>**(прво полугодие)**<br><br>**Мултикултурни работилници во (второ полугодие)** | **Цртање,сликање и вајарство**<br><br>**(прво полугодие)**<br><br>**Мултикултурни работилници во (второ полугодие)** | **1.Запознавање на религии**<br><br>**2. Класична култура во европските цивилизации** | **1. Проекти од ликовна уметност**<br><br>**2.Унапредување на здравјето** | **1 . Истражување на родниот крај**<br><br>**2. Проекти од информатика** | **1.Програмирање**<br><br>**2.Техничко образование** |

***Дополнителна настава***

Во текот на учебната година се организира дополнителна настава за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако имаат слаби резултати по одреден наставен предмет, најмалку две слаби оценки, отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет. Дополнителна настава се организира во одделенска и предметна настава од I до IX одделение при што индивидуално се работи со учениците. Реализацијата на дополнителната настава се евидентира во одделенскиот и во електронскиот дневник и е дел од годишната програма за работа на секој наставник поединечно. Училиштето на месечна основа изработува распоред за дополнителна настава за секој наставен предмет го објави на огласна табла.

За оние ученици кои послабо напредуваат и покажуваат послаби резултати по одделни предмети редовно е изведувана дополнителна настава, реализирани се вкупно **972** часа .Трето одделение **202**,од шесто до деветто одделение **793** часа.

Годишните извештаи на наставниците укажуваат дека индивидуалната форма на работа со овие ученици дава подобри резултати.

***Додатна настава***

Додатната настава се организира со ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Основна цел е надарените и талентирани ученици да ги унапредуваат своите способности, нивно креативно ангажирање, како и учество на натпревари. Преку оваа настава доаѓа до израз самостојната работа на учениците, работата во мали групи, решавање на проблеми од теориска и практична природа, организирање на дебати, експериментирање, докажување, вреднување, работа на различни проекти и др. Додатната настава се организира за учениците од I до IX одделение, ќе се евидентира во одделенскиот и електронскиот дневник и е составен дел од годишната

програма за работа на наставникот. Училиштето на месечна основа  изработува распоред за додатна настава за секој наставен предмет и ќе го објави на огласна табла.

Со  талентираните ученици по одделни предмети освен во предметна настава изведувана е и во одделенска настава и реализирани се вкупно **909** часа (во трето одделение **204**  часа во одделенска настава и од шесто до деветто одделение 735).Од шесто одделение до деветто одделение и третто одделение како секции имаат 6 до 9 одделение имаат **480 слободни часови-секции,а 3 одд. 192 часа вкупно 672,по стара програма.** Вообичаено на додатна настава учениците истражуваат, анализираат, синтетизираат, подготвуваат Power point  презентација за наставните содржини од редовна настава.

Во училиштето работи и училишен хор и оркестар. Оваа учебна година  училишниот хор има реализирано **106**  часа.

Училишниот оркестар,учебна година  исто така ја има реализирано својата програма со вкупно реализирани **104** часа.

Прво и второ одделение имаат слободни активности по новата концепција **708**,четврто и петто одделение по новата концепција имаат други активности вкупно **1457** .Сите часови се запишани во дневниците за работа на соодветното место.

***Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици***

Секој наставник  за работа со надарени и талентирани ученици, во време на реализација на наставата користи дополнителни ресурси  во кои се  вклучени предметите за кои ученикот покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегиите и дидактички материјали. Пред почетокот на учебната 2022/23 година со предметните наставници се спроведе обука за работа на наставниците со талентирани ученици. Програмата за работа со надарени и талентирани ученици подразбира повисоко научно –теоретско  ниво на програмските содржини , специфицен и проширен 633обем на содржини, поголема длабочина на суштината  и разновидност  на програмските содржини и висока меѓупредметна корелативна поврзаност  на програмските содржини.

**Програма за работа со надарени и талентирани ученици**

| СОДРЖИНА | ЦЕЛ | НОСИТЕЛ- РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Формирање на Училишен тим за работа со надарени ученици -евидентирање на надарените ученици; -Разговори со одделенските раководители и родители** | -Формирање на Училиштен тим за работа со надарени ученици -Запознавање со бројот и видот на надарените ученици | Стручни соработници | септември | -формирање на тим за работа со надарени ученици и индивидуализација на наставата -преглед по вид на надарените учениците |
| **-Соработка на стручниот работник со предметните наставници за секој ученик поединечно; -примена на современи наставни форми, избор на задачи, давање на проектна или есејска работа -реализација на додатна настава и воннаставни активности** | Индивидуализирање на наставата , прилагодување на методите на предавање-оценување кон надареноста на ученикот | Педагог<br>Психолог<br>Наставници | Во текот на учебната година | Планирање,организац. на поучувањето -проширени извори на податоци; -прилагодување на содржините кон потребите на учениците |
| **-следење на успехот, редовноста на ученикот;<br>-увид во изработки на учениците;<br>-увид во инструментиза следење, вреднување на учениците<br>– увид во постигања од работата на секциите и во реализацијата на додатната настава** | Утврдување на индивидуалните постигања на надарените ученици | Педагог<br>Психолог<br>Наставници | Во текот на учебната година | Реална проценка на постигнувањата; -измени, дополнувања на индивидуалниот план за работа со ученикот;<br>Определување на форми /методи за работа со ученикот |
| **Соработка со надарените учениците ; со родителите на надарените учениците, со одделенските раководители на учениците надарените учениците -учество на надарените ученици во работата на** | Подобрување на постигањата на надарените ученици | Педагог<br>Психолог<br>Наставници | Во текот на учебната година | Почитување на разлики и коректен однос кон надарените ученици<br>Подобрена социјализ. на надарените учениците<br>Подобрување на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **секциите и во реализацијата на додатната настава** | | | | постигањата надарените ученици |
| **Тестови на интелигенција** | Утврдување на социо-емоционалниот статус, развој на надарените ученици; | Педагог Психолог Наставници | Во текот на учебната година | Развивање на позитивни ставови кај учениците кон надарените ученици |
| **- утврдување на критерими за вреднување на надарените ученици во согласност со наставни планови, програми,** | Изработка на индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на надарените ученици | Педагог Психолог Наставници | Во текот на учебната година | Креирање на инструменти за вреднување на надарените ученици |
| **учества на интерни и екстерни натпревари** | Учество на натпревари | Педагог Психолог Наставници | Во текот на учебната година | Јакнење на самодовербата -споредба со надарени ученици од други ОУ -<br>промоција на училиштето |
| **утврдување на слаби/јаки страни од примената на програмата; -конципирање развоен план за работа со надарените ученици;** | Евалуација на програмата за работа со надарените ученици | Педагог Психолог Наставници | Во текот на учебната година | -Изработка на индивид. планови за работа со надарени ученици; -<br>Подобрување на постигањата и<br>социјализацијата на надарените ученици |

***Индивидуализирани програми за деца со посебни образовни потреби***

Во училиштето се идентификувани ученици со посебни образовни потреби, кои се категоризирани од надлежна институција и кои имаат големи потешкотии во совладувањето на наставните содржини и во социјализацијата во средината-паралелката. За овие ученици во нашето училиште функционира една паралелка за ученици со посебни образовни потреби со комбинирана настава за ученици од прво до деветто одделение со кои работи специјален едукатор и рехабилитатор по посебни индивидуализирани наставни програми.
Во учебната 2022/2023година во нашето училиште се запишани шест ученици со посебни образовни потреби кои се инклузирани во редовна настава. За овие ученици секој наставник во соработка со дефектологот и останатите членови од тимот за инклузија ќе изготви посебни програми за работа со цел овие ученици да напредуваат по сопствено темпо и согласно своите можности.
Во нашето училиште има дефектолог кој работи со ученици со посебни потреби со категоризација инклузирани во редовна настава или без категоризација кои имаат посериозни потешкотии во усвојувањето на наставните програми кои не работат по ИОП но, за кои родителите се согласни училишниот дефектолог да работи со нив.

Училиштето врз основа на Законот за основно образование е формиран Училишен инклузивен тим со дел. број 0306-386/1 од 5.9.2019 година, со мандат од три учебни години. Членови на Училишниот инклузивен тим се Анета Ивановска - директор; Кате Милошевска Митев - дефектолог-специјален едукатор и рехабилитатор; Елена Велкова- педагог; Катерина Поповска- родител; Фросина Златевска - родител; Анастазија Саздова- предметен наставник; Марија И. Зафировска - одделенски наставник. Изработена е Годишна програма за работа на Училишниот инклузивен тим во учебната 2022/23година.
Исто така има формирано инклузивен тим за секој ученик посебно инклузиран во редовна настава. Овие тимови се со времетраење до завршување на школувањето на ученикот. Согласно Законот за основно образование се формирани инклузивни тимови за сите девет ученици со посебни образовни потреби кои се запишани во училиштето.

Преку јавен оглас кој го распишува Ресурсниот центар ,,Маца Овчарова“ - Велес со почетокот на учебната 2022/23година во училиштето се ангажирани образовни асистенти додека преку јавен оглас кој го распишува Центарот за социјална работа и политика Свети Николе во училиштето ќе бидат ангажирани и лични асистенти за учениците со посебни образовни потреби инклузирани во редовна настава.

**АКЦИОНЕН ПЛАН НА ТИМОТ ЗА ИНКЛУЗИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ЗА УЧЕБНА 2022/2023 ГОД.**

| Задачи | Активности | Време на реализација | Носители | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Операционализација на политиката за работа со ученици со посебни образовни потреби и емоционални тешкотии** | Изработка на годишна програма за работа и акционен план. | Август | УИТ | Насоки за изработка на годишна програма за работа на училиштето | | Во програмите за работа се вклучени активности за инклузивно образование | Член од УИТ |
| **Идентификација на ученици со ПОП и потешкотии во учење кај ученици со физичко присуство** | Разговори со наставници и раководител, идентификување на учениците со ПОП запишани во I одделение | Септемвр и | Наставници УИТ | Дијалог, процедура за следење и изработка на ИОП | | Евиденција на ученици со посебни образовни потреби и изградена соодветна стратегија за работа со нив | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Запознавање на предметните наставници со учениците со ПОП кои преминуваат од одделенска во предметна настава** | Размена на искуства меѓу одделенските и предметните наставници за работата со овие ученици (со ученичко досие) | Септемвр и | Стручни соработниц, одделенски наставници од V одд., предметни наставници од VI одд. | Дискусија | Евиденте н лист за следење, досие на ученик | Соодветна прифатеност на учениците со ПОП што преминуваат во VI одд. | |
| **Изготвување на индивидуален образовен план** | *Ревидирање на ИОП(форма, содржина...). *Изготвување на ИОП (долгорочен, среднорочен, дневно планирање на диференцирани цели). *Изготвување на ИОП за учениците со ПП од прво одделение | Континуи рано | Наставници, стручни соработници родители | *Годишна програма за соодветното одделение. *Наод и мислење од ЗМЗ, Центар за слух, говор, глас, Клиника за детски болести, Клиника за психијатрија. | Формула р за ИОП | Успешно. прилагодена наставна програма за учениците со ПП | |
| **Континуирана поддршка на учениците со ПП** | *Консултативни разговори на стручните соработници со одделенските наставници, раководители и родители. *Советодавно-консултативна работа со учениците со емоционални | Континуи рано | Стручни соработници, одделенски наставници, одделенски раководители , родители, ученици | Консултативно-советодавна работа. Советодавен центар за деца и родители СОС Детско село, патролни социјални работници, ЦСР | Досие на ученик со ПП | *Подобрувањ е на постигањата. *Вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заедница. *Зајакнување на родителските вештини и капацитети | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | тешкотии и посебни потреби | | | | | | |
| **Следење на активностите и постигањата на учениците со ПОП** | *Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на учениците со ПОП.<br>*Ревидирање на ИОП | Квартaлн о, тековно | Тим за откривање и грижа за ученици со ПОП, стручни соработници одделенски наставници, одделенски раководители | Евидентни листови за оценување | Евиденте н лист за следење на ученицит е сред.<br>ИОП | *Процена на постигањата.<br>*Вклучување на овие<br>ученици во групна работа и слободни ученички активности | |
| **Обезбедување поддршка од соучениците** | Советодавно-консултативни разговори со одделенските наставници и раководители со одделението, ученичката заедница, родителите | Во текот на учебната година | Стручни соработници, одделенски наставници, одделенски раководители предметни наставници, родители, ученици | Консултативно-советодавна работа, Советодавен центар за деца и родители СОС детско село, патролни социјални работници, ЦСР | Досие на ученик со ПП | Подобрување на постигањата и на социјализациј ата на ученици со ПОП | |
| **Подобрување на инклузивната практика.** | Инструктивна работа со наставници. | Во текот на учебната година. | Стручни соработници, наставници. | Консултативно-советодавна работа. | | Постигање на планираните цели во<br>воспитно-образовниот процес на децата со посебни потреби. | |

## *Проекти кои се реализираат во училиштето*

***„ЕКО проект (интеграција на еколошкото образование“***

Со оваа годишна програма се предвидува интеграција на еколошките содржини во редовниот воспитно — образовен процес со цел да се подобрат условите за престој и работа во училиштето како и да се поттикнат учениците и вработените да размислуваат и да дејствуваат еколошки.

Реализација на самата еко-програма „Интеграција на еколошкото образованиуе во македонскиот образовен сиситем вклучува релизација на еко-програма согласно 7–те чекори на еко-менцирање, застапеноста на мултикултурализмот и односите со јавноста за транспренстност во реализација на предвидените теми и еко-стандарди за оваа учебна година.

- На почетокот е формиран еко-одбор ( составен од ученици, настваници, родители, претставници од родители, НВО сектор, општината, бизнис сектор и технички персонал) кој ќе реализира состаноци секој месец за успешна реализација на еко-програмата.

**Одговорен наставник за ЕКО проетот е одделенскиот наставник Андријана Петрушева.**

***Проект ЕкоФРАложи-***– Креативни работилници за поттикнување свесност кај учениците за екологија и климатски промени. Од нашето училиште зедоа учество 4 ученички од осмо и деветто одделение кои, освен предвидените активности имаа задача да изработат постер за зачувување на природата кој беше од награден карактер. Постерот беше избран за лого на проектот.

**Одговорен наставник:-Дијана Душанова Тосева**

***„Меѓуетничка интеграција на младите во образованието - МИМО,***

Спроведена анкета на ден 16.12 2022 г.од страна на подрачен советник од БРО Штип организирана од страна на улилиштето за ученици,родители и наставници,стручна служба и директор од 4 до 9 одд.За перцепциите и ставовите во врска со меѓуетничката инеграција во образованието,оваа анкета беше спроведена преку QR кодови на Google Forms.

Нашето училиште е вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието кој е проект на УСАИД во Македонија,за

меѓуетничка интеграција на младите во образованието, спроведуван од Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО). Наставниците ќе реализираат часови со МИМО содржини. А училиштето има формирано тим кој изработи акциски план за спроведување на МИМО активностите кои ќе се реализираат во училиштето.

**Одговорен наставник за МИМО проектот е одделенскиот наставник Снежана Мишевска**

***Проект „Компјутер за секое дете“***

Примена на ИКТ во наставата ИКТ задолжително се применува во наставата по сите предмети. Планот на часови кои ќе се реализираат со примена на ИКТ се посебно наведени во Годишните глобални и тематски планирања на наставниците, со временскиот период во кој ќе се реализираат. Со тоа се продолжуваат активностите од проектот „Компјутер за секое дете“.

***„Училиште за 21 век-примена на микробит во наставата“***

За реализација на овој проект беа едуцирани директорот и наставници од природно-математичката група на предмети. Целта на овој проект е да се зајакнат вештините за критичко размислување и решавање проблеми како и подобрување на дигителните вештини на учениците преку наставни и воннаставни активности. Дигиталните вештини на учениците ќе се подобрат со стекнување знаење за кодирање со користење на уредите за кодирање Микро:бит. Училиштето има добиено и одреден број на уреди за кодирање микро:бит.

**Тим на одговорни наставници за проектот - Училишта на 21 век - примена на микробити во наставата се наставниците: Жаклина Трајанова, Соња Петкова, Тодорка Ордева, Фросина Златевска, Соња Андроникова и Снежана Наумова**

***„Програма ЕРАЗМУС+“***

Тимот од наставници за интернаионализација на училиштето преку учество на европски проекти изготви проект: „**WELL TRAINED TEACHERS BRING EUROPE CLOSE TO STUDENTS“ со регистерски број 2020-1-МК01-077614 од Клучна Акција КА101(мобилност на наставен кадар во училиштето ) с**о две мобилности за: 1. Обука на лица за изработка на проекти финанситрани од европските фондови за образование и мобилност ЕРАЗМУС+ и 2..Мобилност за унапредување на јазичнитекомпетенции на наставниците по англиски јазик следејќи ги современите трендови на настава за 21 век и истиот го аплицираше на повикот за апликации за проекти во месец март 2020 година. Училиштето доби известување дека проектот е прифатен , но е ставен на резервна листа на чекање во случај да се откаже некој од апликантите истиот ќе има предност за финансирање. Проектот е планиран да се реализира за две години во период од октомври 2020 до октомври 2022 година.

**Одговорен наставник за ЕРАЗМУС + програмата е предметниот наставник Снежана Наумова**

**Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА АКЦИЈА**

Септември:

**1.** Поврзување со наставната програма по сите предмети од одделенска и предметна настава.

**2.** Формирање на Еко –одбор.

1.Реализирана акција - Одбележување на „Светски ден без автомобили“

во нашето училиште ќе се реализират низа активности од страна на членовите на сообраќајната секција.

Преку активности во училница и полигонско возење на велосипед учениците ќе упатат порака за поголема безбедност и здрава одржливост со употреба на велосипедот како превозно средство и помало користење на автомобилите како превозни средства.

Цел на акцијата:Подигнување на свеста за оддржувањето на физичката, а воедно и менталната кондиција како и свесноста за заштита на животната средина при изборот на превозни средства.

Акција:Одбележување на 16 октомври – Светски ден на храната

Цел на акцијата: Со денешниот настан во нашето училиште по повод Светскиот ден на храната повикавме на поголема акција за ставање крај на гладот и на другите форми на неухранетост, како и за потребата да се овозможи безбедност на храната и здрава исхрана за сите. Да се помогне во подигањето на јавната свест за тоа што јадеме и каква храна треба да јадеме– здрава исхрана , која вклучува доволно разновидна, безбедна и храна со доволно хранливи материи – истовремено одржувајќи го здравјето на планетата од која сите зависиме.

Опис:

16 октомври – По повод Светскиот ден на храната во рамките на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, Ученичкиот парламент од нашето училиште изработи и подели брошури, со цел да се подигне степенот на свесност кај учениците за значењето на здравата исхрана и физичката активност. Здравјето во голема мера зависи од начинот на исхрана. Изборот треба да биде здрава и разновидна исхрана.

Март:

3. Реализирана акција - Одбележување на Денот на Екологијата и пролетта- 21 март, еколошка акција со учениците.

Цел на акцијата: Целта на оваа акција е заеднички да ја подигнеме јавната свест за тоа колку е важно да ја штедиме природата и природните ресурси и да ја зачуваме планетата Земја.

Активностите имаат за цел:

Да ги надгради постоечките, но и да креира нови вештини и знаења кај образовните институции низ земјата од областите на заштита на животната средина и климатските промени, акцентирајќи ги просветните работници и ученици.

Тестирањето на активностите има за цел да ја провери релевантноста на дизајнираните активности пред истите да бидат вметнати во Прирачник со ресурси наменет за образовни институции.

Во текот на учебната 2022/2023 година се реализирани следниве активности:

Подготовка на акцијата

| **Бр.** | **Активности** | **Време на реализација** | **Одговорен** | **Потребни средства** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Состанок на Еко- одбор** | **10.10.2022год.** | **Андријана Петрушева**<br><br>**Ученички парламент** | **Печатење на брошури** |
| **2** | **Планирање и распределба на активностите** | **15.10.2022 год.** | **Андријана Петрушева**<br><br>**Ученички парламент** | **Печатење на брошури** |
| **3** | **Реализирана активност** | **17.10.2022 год.** | **Андријана Петрушева**<br><br>**Ученички парламент** | **Печатење на брошури** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Одбележување на Денот на Екологијата и пролетта- 21 март | 21.03 2022 god. | Андријана Петрушева<br><br>Учениците од нашето училиште | |
| ВКУПНО | | | | |

**Реализација на акцијата:**

| Бр. | Постигнати резултати | Индикатори | Собрани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Одржан состанок на Еко -одбор | Донесена одлука за учество во активноста | |
| 2 | Учество во активноста | Стекнување навики за здрава исхрана на луѓето, која вклучува разновидна, безбедна и храна со доволно хранливи материи, истовремено одржувајќи го здравјето на планетата од која сите зависиме. | |

**Учесници во акцијата:**

| | Учесници | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 1. | Ученици | 5 | 4 |
| 2. | Наставници | | 2 |
| 3. | Вработени | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Родители | | |
| 5. | Општина | | |
| 6. | Соработници | | |
| 7. | Останати учесници | | |
| ВКУПНО | | 5 | 6 |

**Медиумска покриеност:**

| Медиум | Број на испратени соопштенија | Број на објави | Број на гостувања | Број на присутни медиуми |
|---|---|---|---|---|
| Радио | | | | |
| Телевизија | | | | |
| Електронски медиуми | 1 | 1 | | |
| Печатени медиуми | | | | |
| Интерно гласило | | | | |
| Веб-страница | 1 | 1 | | |
| Информатор на општината | | | | |

## *ИКТ во наставата*

Во нашето училиште редовно се применува ИКТ во наставата со цел за подобрување на истата.Од оваа учебна 2022/2023 година набавени се 7 интерактивни табли и 7 ЛЦД проектори кои ја олеснуваат работата и на наставниците и на учениците за полесно,поефикасно учење,истражување и усвојување на наставните програми по сите предмети.

## *Оценување*

***Видови оценување и календар на оценување:***

Во училиштето постои интерно оценување на постигнувањата на учениците. Интерното се одвива континуирано во текот на целото полугодие од  учебна 2022/23 година со анализа на состојбите во два класификациони периоди. Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано.

Во ***првото полугодие  (I– VI одд.)*** се оценува ***описно***, ***во вториот период ( I –VI одд.)*** постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат ***описно***. Учениците ***од (VII до IX),*** се оценуваат ***бројчано со оцени од ( 1 ) до ( 5 од)*** во првото полугодие.

***Тим за следење,  анализа и поддршка***

Следењето се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени вежби, контролни задачи, набљудувања истражувачки активности и  др. со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

**ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Училишен спорт, секции и** ***Слободните ученички активности***-Реализирани се зонски натпревари во ракомет машки и женски,зонско првенство во мал фудбал (футсал) во Куманово,државно првенство во шах за Основно образование,општински натпревар во ракомет машки и женски,општински натпревар во кошарка машки и женски,меѓуопштински натпревар во мал фудбал со Пробиштип,општински натпревар во футцал,меѓуодделенски футцал,детска недела-штафетни игри со учениците од трето одделение,одбележување на Европска недела на спортот,регионални натпревари.Оваа година учениците посетија и лизгалиште и посета Пониква.










,,Добредојдовте првачиња“-01.09 2022 година

Успешен почеток на оваа учебна година! Топло добредојде на  првачињата им посакаа учениците од петто одделение со пригодна програма.






За таа цел, свој придонес традиционално и оваа учебна година даде компанијата LEONA LION Macedonia, со своите слатки изненадувања! Од срце им се заблагодаруваме од името на нашите ученици!

**СРЕЌНО И УСПЕШНО УЧЕЊЕ!**

**14.09 2021 год.**

Свечената академија по повод одбележувањето на 14 Септември, денот на ослободување на Свети Николе.







**„Европска недела на мобилност“ (16.09.2022 - 22.09.2022), под мотото „Безбедни и здрави со одржлива мобилност“**

22.09.2022г. „Светски ден без автомобили“
Во нашето училиште се реализираа низа активности од страна на члановите на сообраќајната секција.
Преку активности во училница и полигонско возење на велосипед учениците упатија порака за поголема безбедност и здрава одржливост со употреба на велосипедот како превозно средство и помало користење на автомобилите како превозни средства.






**27.09 2022 година**
**Европската недела на спортот**

Меѓуодделенски турнир во мал фудбал помеѓу паралелките од нашето училиште.

   

**05.10 2022 година**

**Меѓународниот ден на учителот**

Светскиот ден на учителот, 5 Октомври!

По повод Меѓународниот ден на учителот ,стручните соработници во нашето училиште  споделија текст кој беше прочитан во сите одделенија,а учениците од 9 одделение изработија хамер со пораки им го честитаа Денот на учителот и ја искажаа својата почит и благодарност кон своите наставници.

Благодарност до Дејан Владев - Градоначалник на Општина Свети Николе, за посветеното внимание и доделената плакета.






**Детска  недела  2022г.**

Активност на учениците од трето одделение:
04.10 2022г.
Штафетни игри организирани со помош на тандем наставник по физичко и здравствено образование.
05.10.2022 г.
Ликовна работилница на учениците од четврто одделение под мотото „Другарството е дел од детската среќа“.
06.10.2022 г.
Работилница на учениците од петто одделение - „Порака до моето другарче“.
07.10.2022г.
Приредба со учениците од второ одделение по повод свечениот прием на првачињата во Детската организација во спортската сала Цар Самуил.
Среќен прием првачиња во Детската организација !


















**10.10 2022г.**

**Светски ден на менталното здравје**

Работилница по повод 10 Октомври, Светски ден на менталното здравје.





**17.10 2022 г.**

По повод Светскиот ден на храната во рамките на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, Ученичкиот парламент од нашето училиште изработи и подели брошури, со цел да се подигне степенот на свесност кај учениците за значењето на здравата исхрана и физичката активност.





**19.10 2022 година**

Учество на нашите ученици во детската образовна емисија „Ѕвон“ на Македонската радио-телевизија.Драги ученици, ви благодариме од срце што направивте да се чувствуваме бескрајно горди!






**21.10 2021 год.**

XII Settimana della lingua italiana DILLO CON EMOJI Недела на италијанскиот јазик во светот се одбележа и во нашето училиште.Учениците од VI до IX одделение земаа активно учество во изработка на хамери и учество на квиз. Темата за изработка на активностите беше„ Кажи го тоа со emoji” На учениците им се допадна многу активноста, учествуваа со задоволство и покажаа голема посветеност**.**





**28.10 2022 година**

Учениците од четврто одделение од нашето училиште ја посетија Метеоролошката станица Ѓуриште.

Посетата беше во согласност со наставниот план и програма за IV одделение по предметот природни науки. Учениците на организираната посета беа водени од страна на стручно лице метеоролог, кој им ги презентираше мерните инструменти кои ги следат временските промени. Секој ученик имаше можност да ги види и одблиску да се запознае со мерните инструменти и начинот на кој функционираат.






**03.11 2022 година**

По повод Светскиот ден на штедењето - 31 октомври, Народна банка на Р. С. Македонија распиша ликовен конкурс на тема: "За денарот твориме, за денарот славиме: 30 години од воведувањето на македонскиот денар!"Во категорија ликовни творби од VI до IX одделение прво место на државно ниво освои ученичката Стефанија Костадинова од VII одд. од нашето училиште под менторство на наставничката Маја Ефтимова Стојанова. Нашите ученици Теа Стоилкова и Јаков Станојковски добија парични награди по повод Месец на штедење организиран од НЛБ Банка со цртежи на тема: "Штедиме и создаваме изуми за подобар свет



**04.11 2022 година**

Учениците од четврто одделение ја посетија општинската самоуправа и Градоначалникот.
Тие се запознаа одблиску со работата на Градоначалникот и Советот на општина Свети Николе.
Посетата беше во согласност со наставниот план и програма за IV одделение по предметот Историја и општество.






**Месец на книгата**

СОЅВЕЗДИЕ ОД ЗБОРОВИ ПОЛНИ СО УБАВИНА, -чествуваше книгата по повод Месецот на книгата.
Нашите ученици беа најдобрите креатори на мудрите мисли, споделија неколку интересни факти за постоењето на книгата низ вековите, убавината на пишаниот збор ја претставија преку хамер, преку драматизација ја нагласија важноста од читањето книги.
Своите знаења од областа на прочитаните лектири ги "измерија", преку едукативен квиз, нашите мали читатели, најчестите посетители на нашата библиотека, која по повод Месецот на книгата се збогати со 1200 нови книги, благодарение на хуманитарната мисија на наставникот Иле Михајловски.
Наградени беа најдобрите уметници, поети и писатели кои учествуваа на литературниот и ликовниот конкурс.
Книгата нека се слави секој ден, нека продолжи да свети како соѕвездие од зборови над секој од Вас!










**Обележувањето на месец на борба против зависностите**

НОЕМВРИ - МЕСЕЦ НА БОРБА ПРОТИВ ЗАВИСНОСТИ

Ја подигнавме свеста за превенција и борба против зависностите!!!Трибина на ден 28.11.2022 со учениците од VIII и IX одделение, во просториите на Домот на културата. Гости: волонтери од Црвен Крст и презентација од Јавен обвинител.











**29.11 2022 година**

Дабар 2022

Интернационален предизвик во којшто учествуваат учениците од 72 земји од светот. Натпреварот се одржа од 21 до 25 ноември 2022 и учество зедоа 290 ученици од I, IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение од нашето училиште.

Честитки за учениците и менторите!




ЗДРУЖЕНИЕТО НА ИНФОРМАТИЧАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

ПРИЗНАНИЕ

ОУ "Кирил и Методиј" - Свети Николе





**02.12 2022 година**

На ден 02.12.2022 г. за време на географската секција ја посетивме пекарницата Шиткарски.

Голема благодарност до Пекара Шиткарски

   

**02.12 2022 година**

ОУРЦ „Маца Ѓ. Овчарова" - Велес, организираше Меѓународна Ликовна работилница на 02.12.2022 год. на тема „Со љубов за Тоше". Учениците твореа на претходно изготвени ќерамички изработки. Ученикот Иван Драгановски од VIII одд. зеде учество на ликовната работилница и се здоби со благодарница за учеството.

 



**Меѓународен ден на лица со посебни потреби -3ти Декември**

## Светски Ден на Лицата со Посебни Потреби.

Нашето училиште и ООУ ,,Гоце Делчев'' организираа настан со кој се одбележа и овој 3 Декември - Меѓународен ден на лицата со попреченост. Посебна чест ни беше бидејќи наши почесни гости ни беа лицата од дневниот центар од Свети Николе.

Благодарност до Дом на култура Св.Николе за соработка.









**07.12 2022 година**

Во чест на првиот македонски архиепископ, свети Климент Охридски, и оваа година нашите ученици му оддадоа должна признателност и благодарност на светителот наш со пригодна свечена манифестација во просториите на Дом на култура во Свети Николе. На тој начин упатуваме порака да го чуваме вечното пламенче на Светиклиментовото кандило, та заедно со целиот наш Богоблагословен народ да одиме во пресрет на полна животна радост.








**07.12 2022 година**

Денес волонтерите од Црвен крст Свети Николе одржаа работилница по повод Недела на борба против ХИВ, на која присуствуваа учениците од IX одделение од нашето училиште

  

**09.12 2022 година**

Учениците од петто одделение од нашето училиште ја посетија работилницата за мебел ММ Проектирање. Посетата беше во согласност со наставниот план и програма за V одделение по предметот Техничко образование и информатика. На организираната посета на учениците им беше демонстрирано од страна на стручно лице. Секој ученик имаше можност да ги види и одблиску да се запознае со полупроизводи и производи од дрво.

  

**12.12 2022 година**

На 12. декември се одржа последниот и финален настан од проектот на Erasmus+ програмата Heritage Youth Perspective, на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ во кој што наши колешки беа дел од истиот. Културното наследство и занаетите беше дел во кој што нашето училиште имаше своја презентација вклучувајќи го сето она што беше поминато и научено од тренинг обуките во Брага и во Струга. Голема благодарност до NGO NEXT Generation за прекрасното искуство и одличните обуки. Се надеваме на идни и уште поуспешни соработки





**13.12 2022 година**

Кампања по прва помош со обука спроведена од страна на Црвен крст и Здравен дом - Свети Николе за учениците од VIII и IX одделение под мотото "Првата помош спасува живот".






**19.12 2022 година**

По повод Патронот на градот, се одржа свечена академија на која беа доделени награди на најуспешните наставници и ученици за учебната 2021/2022 година.
Награда за просветен работник: Соња Петкова
Најдобар ученик: Даниел Николов
Ликовен конкурс на тема: "Свети Николај – Заштитник и патрон на градот Свети Николе":
1 место: Надица Величковска
Литературен конкурс на тема: "Свети Николај – Заштитник и патрон на градот Свети Николе":
1 место: Стефанија Костадинова






**,,Свети Николај“ –патрон на градот Свети Николе**

Св.Николај Чудотворец, во срцето го носиме благословот и чинот на дарување. Поставување на хуманитарен штанд како симбол на благословената мисија на нашиот светец.





**27.12 2022 година**

Светнаа детските желби како ѕвездички на новогодишното небо, нашите ученици го најавија блесокот на бајката новогодишна. Упативме најубави желби за годината што следи.Нека ни е среќна и успешна 2023.










**28.12 2022 година**

Полициски службеници при ОВР Свети Николе во соработка со стручната служба спроведоа работилница и ги запознаа учениците од IX одделение со опасностите и последиците од незаконската употреба на петардите и други пиротехнички средства. Учениците беа информирани и за казнените одредби со кои се предвидува санкционирање на лицата кои употребуваат петарди и други пиротехнички средства.





**28.12 2022 година**

Дел од нашите ученици на часовите од предметот проекти од ликовната уметност, преку креативни декоративни новогодишни мотиви ги изразија своите желби за Новата 2023 година!






**30.12 2022 година**

Стручната служба заедно со образовните асистенти декорираа со најразлични бои на радост преку работилница на која учениците со ПОП изработуваа новогодишни честитки и подароци.




**30.01 2023 г.-Работилница за ментално здравје на тема ,,Конфликти"**

Нашето училиште реализираше работилница за ментално здравје на тема ,,Конфликти" во V одделение, на која што присуствуваа директорот на нашето училиште,стручната служба и м-р Елена Ташкова, стручен соработник, специјален едукатор и рехабилитатор-логопед од ООУ ,,Гоце Делчев" - Штип, која е назначена за ментор за колегијална поддршка на стручните соработници во основните и средните училишта во рамки на Програмата за унапредување на менталното здравје на учениците од страна на БРО.






**13.02 2023 г.**

Посета на оперска претстава "Севилскиот бербер" и образовно едукативна обиколка низ просториите на Националната опера и балет, согласно наставниот план по музичко образование за IX одделение.





21.02 2023 година

Одбележување на денот  на лицата со ретки болести.

Нашите ученици ги отворија своите ГОЛЕМИ детски срца, ги подадоа рачињата за поддршка на лицата со ретки болести.Да ја подигнеме свеста на едно повисоко ниво, да помогнеме нечиј сон да стане реалност, нечие мечтаење-живот!






21.02 2023 година

Посета на претседателот на  Македонија во рамки на Лице в Лице во нашето училиште. Се разговараше за неопходноста од сензибилизирање на општеството во однос на потребите на учениците со различен развоен процес.






22.02 2023 година

Одбележување на меѓународниот ден на мајчиниот јазик. Со пораки, на македонски англиски,италијански и француски јазик, учениците го одбележаа овој ден .









24.02 2023 година

Посета на Собрание од страна на наши ученици од деветто одделение кои имаа можност да се запознаат одблиску со работата на Собранието, да поразговараат со дел од пратениците, да присуствуваат во просториите во коишто се реализираат официјалните и работните средби, собраниските седници, како и во салите во коишто се одвиваат состаноци, свечености, настани и прес-конференции.











27.02 2023 година

Тактичко-показна вежба

„Симулација во случај на пожар и евакуација", каде што исто така беше и презентирана дел од опремата која се користи при секаков вид на интервенции. Вежбата се спроведе во соработка со ТППЕ Свети Николе, а истата имаше за цел да го подигне нивото на подготвеност и во случај на реална ситуација навремено да се интервенира и пружи помош.










7.03 2023 година

Одбележување на меѓународен ден на жената

Нашите ученици, го одбележаа денот на жената со скромна приредба ,најубавите стихови, мисли и мудрости и исите и ги посветија на своите мајки испраќајќи бесконечно многу љубов и исто толку насмевки.









14.03 2023 година

МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА МАТЕМАТИКАТА , International Day of Mathematics (IDM) е 14. Март, а тој ден е познат уште и како „Денот на Пи“. Денот на π се слави низ целиот свет, а оваа година темата е МАТЕМАТИКА ЗА СЕКОГО (Mathematics for Everyone . И оваа година нашите ученици се вклучија во неговото одбележување.Во натпреварот помеѓу учениците во најголем број на точно запаметени децимали на бројот π најдобра беше ученичката Јана Јовева од 7-3 одд. Сите ученици во натпреварот покажаа дека не е проблем да се меморираат стотина различни децимали на бројот. По презентацијата за начинот на запишување на римските броеви учениците учествуваа во квизот каде што сите покажаа одлични познавања во читањето и запишувањето на римските броеви . Најдобри во квизот беа учениците Огнен Арсевски од 6 -1 одд. и Никола Јованов од 8 – 3 одд.

















21.03 2023 година

21 Март Ден на лицата со Даунов  синдром.  Симболично одбран датум поради трите копии на 21-от хромозом (трисомија 21) што се присутни во клетките на лицата со оваа состојба...Нашите ученици од ООУ ,,Свети  Кирил и Методиј" денес направија кратка прошетка со шарени чорапи за да ја истакнат нашата огромна поддршка на еднаквост и емпатија кон лицата со овој синдром...















21.03 2023 година

21 Март-Ден на екологијата и пролетта

Денес го одбележавме овој ден со неколку активности во кои сите наставници заедно со учениците земаа активно учество.

VI одд.-Едукативна работилница и изработка на еко - пано;

VII одд.-Садење на цвеќиња во училишниот двор и Еко работилница: "Што претставува екологијата";

VIII одд.-Средување и уредување на училишниот двор;

IX одд.-Средување и кроење на дрвца околу училишната зграда;

Учениците од I до V одд. пишуваа еко - пораки.












21.03 2023 година

На ден 21.03.2023 беше реализирана работилница од Always-Едукативна училишна програма за пубертетот - "Се' што сакаш да знаеш за пубертетот". Во неа учествуваа девојчиња од V одд заедно со стручната служба.На учениците им беа поделени брошури-Секогаш се менуваме и растеме во кое е опфатена целата презентација. Работилницата ја реализираше претставничката на ,,Grey Worldwide LTD''- Виолета Коцева.








27.03 2023 година

Нашето училиште во соработка со ПС Свети Николе и ОЈО Свете Николе преку свои претставници,организираше трибина за Меѓуврсничко насисилство (Булинг и Сајбер насилство).Како наши гости беа поканети Никола Митев преставник од ОЈО-Св.Николе и Игор Златановски помошник командир за превенција при ОВР Свети Николе.Резултатите добиени од анонимната анкета спроведена во нашето училиште ни беа показател дека имаме потреба како училиште да реализираме трибина за учениците од 6 до 9 одд.За жал, настаните кои произлегуваат од меѓуврсничкото насилство немаат среќен крај.Тие ситуации сами по себе се надоврзуваат една на друга и реално се без позитивна разрешница.Отворено треба да се говори за овој горчлив проблем кој е присутен во се поголеми размери, и тоа не само во нашето училиште, туку и во училиштата ширум државава.








29.03 2023 година

Во пресрет на големиот јубилеј, 50 години постоење, по предлог на УО донесе Статутарна одлука која е усвоена од Совет на Општина Свети Николе, и по добиена согласност од МОН,нашето училиште е преименувано во Свети Кирил и Методиј.

Нека свети!

ООУ „Свети Кирил и Методиј“

Свети Николе

12.04 2023 година

Во пресрет на славното Христово Воскресение,стручната служба и библиотеката од нашето училиште го разубавија училичниот хол.

Христос воскресе!!!








12,04 2023 година

Во рамки на активностите што нашата Вело-Членка ги организираше со петтоодделенците беа: „Каде е велосипедот?“ „Точка до точка“ „Мојот велосипед“ и „Ајде да возиме велосипед“ преку кои, освен што се запознаваат со деловите на велосипедот, задолжителната опрема, разговараат и даваат свои предлози за дизајн на велосипеди и вело опрема.







02.05 2023 година

Волонтерите од Црвен Крст во соработка со стручната служба од нашето училиште направија презентација за Р.Турција. Учениците од V одделение беа запознаени со географската положба на Р.Турција, културните обележја на државата, храната, вредностите, нормите и обичаите на луѓето кои живеат во оваа братска земја.






12.05 2023 година

Географската секција од нашето училиште ја посетија месната индустрија M&M Istraj Promet и се запознаа со постапките на производство и обработка на месо и месни производи.



18.05 2023 година

По повод патрониот празник и јубилеј од 50 години ООУ "Свети Кирил и Методиј", денес се одржа КВИЗ НА ЗНАЕЊА на кој што учествуваа ученици од IX одделение од училиштата во нашата општина: ООУ "Свети Кирил и Методиј", ООУ "Гоце Делчев", ООУ "Даме Груев" и ООУ "Методи Митевски Брицо".

Прво место освои ООУ "Свети Кирил и Методиј",

второ место - ООУ "Гоце Делчев",

трето место - ООУ "Даме Груев" и

пофалница - ООУ "Методи Митевски Брицо".

Учениците покажаа одлични знаења по сите наставни предмети.

Огромна благодарност до учесниците за учеството во квизот и им посакуваме стекнување на знаење, искуство и успех во понатамошниот образовен процес.






23.05 2023 година

Спортски игри по повод патрониот празник на нашето училиште

   

24.05 2023 година

Свети Кирил и Методиј

50 години - верни чувари на светото завештание,патронен празник на нашето училиште.

НЕКА СВЕТИ!!!

На 19.05 2023 година беше реализирана приредбата по повод патрониот празник под мотото,,50 години - верни чувари на светото завештание,патронен празник на нашето училиште" на која учениците имаа можност да ги проследат прекрасните кореографиина учениците од дделенска ,музичка интерпретација и драматизација на учениците од предметма настава,како и изведбата на училишниот хор кој ја промовираше новата химна на училиштето.На приредбата беа доделени дипломиse на учениците во оваа учебна година.На 22.05 2023 година беше одржана Свечената академија и на истатат директорката ги додели дипломите на првенецот  и достатигнувањата на генерацијата.На 23.05 2023 година беше одржана промоцијата на монографијата -50 години од основањето на ООУ,,Свети Кирил и Методиј"




50 ГОДИНИ-ВЕРНИ ЧУВАРИ
НА СВЕТОТО ЗАВЕШТАНИЕ












50 ГОДИНИ-ВЕРНИ ЧУВАРИ
НА СВЕТОТО ЗАВЕШТАНИЕ














СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ
50 ГОДИНИ-ВЕРНИ ЧУВАРИ
НА СВЕТОТО ЗАВЕШТАНИЕ


50 ГОДИНИ-ВЕРНИ ЧУВАРИ
НА СВЕТОТО ЗАВЕШТАНИЕ


50 ГОДИНИ-ВЕРНИ ЧУВАРИ
НА СВЕТОТО ЗАВЕШТАНИЕ












50 ГОДИНИ-ВЕРНИ ЧУВАРИ
НА СВЕТОТО ЗАВЕШТАНИЕ


50 ГОДИНИ-ВЕРНИ ЧУВАРИ
НА СВЕТОТО ЗАВЕШТАНИЕ




50 ГОДИНИ-ВЕРНИ ЧУВАРИ
НА СВЕТОТО ЗАВЕШТАНИЕ





24.05 2023 година

Промоција на монографија -50 години од основањето на ООУ „Свети Кирил и Методиј“






01.06 2023 година

Хуманитарна акција во соработка со Црвен крст- Подари играчка, негувај го детето во себе!






**Ученички екскурзии**

Наставниците во своите годишни планирања согласно Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2022/23 година ќе реализираат наставно-научни екскурзии во текот на второто полугодие:



| Ред. број | Екскурзија | Одделение | Локација | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Еднодневна екскурзија | III | Скопје | Април  2023 година |
| 2 | Дводневна екскурзија | VI | Источна Македонија | Април 2023 година |
| 3 | Дводневна екскурзија | IX | Западна Македонија | Април 2023 година |
| 4 | Есенски излет | I-IX | Крушки | Декември 2022 година |
| 5 | Пролетен излет | I-IX | Крушки | Мај 2023 година |
| 6. | Еднодневен излет | I,II,IV и  V | Свети Николе-Скопје-Свети Николе | Јуни 2023 година |

## Општествено-хуманитарна работа

**20.09 2022-Меѓународен ден без автомобили**

**12.09 2022-Светски ден за заштита на озонската обвивка**

**08.10 2022-Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата**

**03.10 2022 г.-Светски ден на детето-истакнување на одредбите од Конвенцијата за правата на детето**

**05.10 2022г.-Одбележување на Светскиот ден на учителот**

**15.10 2022г.-Меѓународен ден на пешаците**

**28.12 2022г.-Работилница од страна на полициски службеници при ОВР Свети Николе на тема,,Опасностите и последиците од незаконската употреба на петарди и други пиротехнички материјали средства**

**10.10 2022 г.-Меѓународен ден на храната**

**27.10 2022 г.-По повод ,,Недела на борба против гладта“-волонтери од Црвениот Крст на општина Свети Николе го посетија нашето училиште со цел донирање парични средства кои ќе бидат искористени за набавка на пакети со храна за социјлно загрозени семејства**

**30.12 2022 г.-Новогодишни пакетчиња за ученици од цоцијален ризик,со посебни потреби-хуманитарна акција на наставникот Иле Михајловски**

**10.10 2022 г.-По повод детска недела,организирана хуманитарна акција со училишни пакети,организирана од наставникот Иле Михаљовски**

**20.02 2023 г.- Недела на борбо против срцевосадовите забочувања 21-28.02 2023 г.**

**22.03 2023 г.-Хуманитарна акција во соработка со Црвен крст**

**27.02 2023 г.- Недела на борба против ракот (01-08 март)**

**27.02 2023 г.- Ден на здравствено воспитание**

**28.02 2023 г.- Меѓународен ден на ретките болести-ги обоивме нашите дланки,го подржуваме Денот на ретките болести**

**17.03 2023 г.- Ден на крводарителство**

**21.03 2023 г.- Одбележување на 21 Март-Ден на лицата со Даунов индром со прошетка низ градскиот парк и градитскиот плоштад со шарени чорапи**

**22.03 2023 г.- Хуманитарна акција во соработка со Црвен крст**

**21.03 2023 г.- Одбележување на 21 Март-Ден на екологијата и ден на пролета преку средување и уредување на училишниот двор**

**01.06 2023 г.- 1 Јуни-Ден на детето-хуманитарна акција,,Подари играчка,негувај го детето во себе“**

**08.05 2023 г.- Светки ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина,Недела на Црвениот крст(08-15 мај)**

**07.04 2023 г.- Светски ден на здравјето**

**ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

Постигнување  на учениците

Во нашето училиште се води редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици.Евиденцијата се води пооделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој наставник во училиштето.

Стручната служба  располага со податоци за постигањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди  и истите се дадени во табеларните прегледи кои се составен дел на овој извештај.

Бројот на изостаноци изнесува **16 410** просекот по ученик на изостаноци изнесува **30,45** (преглед во табеларниот извештај). Од вкупниот број на изостаноци 16198 се оправдани (или :во просек 30,05 по ученик ), а неоправдани се212 (или 0,39 по ученик).

.

Од **прво до трето** одделение учениците се оценети со **високо ниво, 83,08% со средно ниво 13,98%, основно ниво 2,74% и со незадоволително** ниво **0,20%.** Од **четврто до петто одд.,среден успех 4,62,машки 4,65 а женски 4,55.**Од **четврто  до деветто одделение среден успех 4,33 ,машки 4,18,девојчиња 4,52.**Од **6 до 9 одд. Среден успех 4,23,кај машки 3,96 а кај женски 4,51.**

**Од четврто до деветто одделение одлични 99 машки-50%,многу добри машки 61-30,81%,добри 32-6,16%,доволни 6-3,03%.**

**Женски одлични 103-66,03%,многу добри 42-26,92%турче женско-1-100%,добри 8-5,13%,доволни 3-1,92%**

Педагошки мерки:

Вкупно ова полугодие се изречени **17 педагошки мерки на 6 ученика** и тоа:**усни опомени-5,писмени опомени-3,укор-5,намалено поведение-4,**и за сите ученици со  изречени педагошки мерки според правилникот на училиштето а според законот за основно образование се формирани тимови  за поддршка-4  кои се составени од двајца стручни соработници и раководител на паралелка на ученикот на кој му е изречена педагошката мерка.Тимовите за поддршка на учениците континуирано работеа ова полугодие со учениците.

Сите наставници во редовна настава им обезбедија подршка на учениците  кои имаа тешкотии во учењето на учениците со посебни образовни потреби,како и на надарените ученици,избирајки активности  соодветни на нивните можности и потреби.Во текот на целата учебна година наставниците реализираа дополнителна настава  за ученици кои пројавуваа потешкотии во учењето и додатна настава за учениците  кои покажуваат интерес и значајни резултати во одредена област.

Стручната служба редовно ги следеше постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и по завршувањето на основното образование.

**Извештај од ученички парламент 2022/2023 год.**

**Прво полугодие**

***Септември***

- Избор на раководство на училишен парламент и избор на училишен правобранител
- Дискусија на тема за улогата на ученичкиот парламент во училиштето.
- Дискусија околу улогата на ученичкиот парламент во училиштето во соработка со стручната служба

***Октомври***

- Состанок –запознавање со годишната програма на ученичкиот парламент (права,обврски и одговорности)
- Предлози за надополнување на годишна програма
- Светскиот ден на храната во рамките на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, Ученичкиот парламент од нашето училиште изработи и подели брошури, со цел да се подигне степенот на свесност кај учениците за значењето на здравата исхрана и физичката активност. Здравјето во голема мера зависи од начинот на исхрана. Изборот треба да биде здрава и разновидна исхрана.

***Ноември***

- Активности по повод Месец на зависности,работилници во соработка со стручна служба и институции во градот
- Разгледување на успехот на учениците во училиштето од 1 до 9 одд. И насоки и совети за подобрување на успехот

***Декември***

- 3 Декември Меѓународен ден на лицата со посебни потреби-хуманитарни акции,работилници-завземање учество во истите
- Разгледување на успехот на учениците во првото полугодие од учебната 2022/2023 година од 1 до 9 одд. И насоки и совети за подобрување на успехот

***Февруари***

- Средба за организација на училишни натпревари;

***Март***

- март 2023 год.: Организација на трибина за Меѓуврсничко насилство(Булинг и Сајбер) за учениците од 6 до 9 одделение

-21 Март Ден на лицата со Даунов синдром-прошетка со шарени чорапи

***Април***

- Професионално информирање за упис во средните училишта;

-Украсување на училишниот хол по повод Велигденските празници

***Мај***

- Одбележување на патрониот празник на нашето училиште со онлајн приредба;
- Анализа на успехот на крајот на учебната 2022/23 год.

**Превентивни програми (насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа)**

Преку работилниците за животни вештини наставниците ги согледуваат емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците и во контекст на тоа организираат социјални игри и дружења меѓу учениците.

***На часовите на одделенска заедница во текот на оваа учебна година  беа спроведени  работилници на тема:***

Спречување на насилничкото однесување;

Разрешување на конфликти;

Почитување на другите(недискриминација);

Меѓусебно поддржување и соработка;

Справување со гнев

Превземање одговорност за постапките;

Користење на институциите за заштита и безбедност;

Извори на конфликти;

Конфликтите се скалила;

Справување со емоции;

Познавање на базичните човекови права:Права и правила;

Безбедно однесување во средината:Ризици;

Одолевање на социјалнте притисоци;

Превенција од пушење и пиење алкохол;

Користење на институциите за заштита и безбедност;

Лична хигиена,вирусите-бактериите и учениците

Животни процеси и знаци на живот

Животни процеси и исхрана

**Училишен дефектолог** – Специјалниот едукатор и рехабилитатор во текот на целата учебна година според препораките на МКФ комисија за проценка работеше на индивидуални часови на постигање на поставените цели за учениците со посебни образовни потреби кои со инклузија се вклучени во редовни паралелки. Од нив 8 ученици се со соодветна медицинска документација -наод и мислење а од нив 7 ученици се со МКФ проценка.

**Безбедност во училиштето**



Училиштето има изработено план за евакуација при елементарни непогоди. Скиците за евакуација се прегледно нацртани и поставени на видни места во училниците и холовите во училиштето.

Училишниот простор во централното училиште, спортските објекти, подрачното училиште и дворот е безбеден за изведување на настава и други воспитно-образовни актив.

Училиштето има **Правилник за заштита од Пожари** како една од мерките за заштита од елементарни незгоди. Училиштето има поставено на соодветно место ПП апарати за заштита од пожар. Наставниците се обучени за употреба на ПП апарати, заштита и евакуација. Во училиштето има обучено наставници за давање прва помош на учениците во случај на потреба од тоа.

Во соработка со МВР континуирано патролираат во и надвор од училиштето со редовни патроли. Континуирана соработка со Доброволно противпожарно друштво-правилно ракување на противпожарни апарати и вршење на обука на вработените.

**Позитивна социо-емоционална клима**

Нашето училиште води грижа и планира активности за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот раководител, одделенскиот и наставничкиот совет, стручната служба, во соработка со родителите. Содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Реализатори на истите се наставниците преку индивидуалните и групните родителски средби, стручната служба преку интерактивни работилници како и разговорите со учениците и родителите.

Целта е да се обезбеди почитување на личноста и негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите, еднаквост и правичност, еднакво и без прдрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите.Изготвување и планирање на интерни обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа, како и високообраниразовните институции за поддршка на истите се наставниците преку индивидуалните и групните родителски средби, стручната служба преку интерактивни работилници како и разговорите со учениците и родителите. Целта е да се обезбеди почитување на личноста и негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации,

интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите, еднаквост и правичност, еднакво и безпрдрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите .

Изготвување и планирање на интерни обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа, како и високообразовните институции за поддршка на наставниците во планирањето и реализацијата на наведените содржини.

Училиштето организира неколку еколошки акции и кампањи кои се организираат како дел од еколошката програма во текот на учебната година.

**ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО**

Училиштето два пати годишно врши **дезинфекција, дератизција и дезинсекција** на сите простории во училиштето и подрачното училиште. Во првото полугодие беше направено во почетокот на учебната година од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Велес.

На 9. 11.2022 год. (среда) и 10.11.2022 год. (четврток) беше организиран систематски преглед на вработени.На одделенските часови се читани содржини (теми) за здрава исхрана, личната и општа хигиена, содржини кои едуцираат за сида, болестите на зависност, воспитни содржини од различен вид и др.

На 10.05 и 16.05 2023 година се изврши санитарен преглед на сите вработени од нашето училиште.

| | |
|---|---|
| Посета на стомоматолог-редовна контрола и залевање на забите на учениците | 21.09 2022 г.<br>13.10 2022 г.<br>10.10 2022 г.<br>19.09 2022 г.<br>20.09 2022 г.<br>14.10 2022 г.<br>01.11 2022 г.<br>21.11 2022 г.<br>12.12 2022 г.<br>14.02 2023 г.<br>15.02 2022 г.<br>16.02 2023 г. |
| Светски ден на ментално здравје | 17.10 2022 г. |
| Светски ден на здавата храна | 10.10 2022 г. |
| Недела на борба против шеќерна болест | 10.10 2022 г. |
| Што е здрав исхрана?-презентација по повод Светскиот ден на храната | 17.10 2022 г. |
| Недела на борба против туберкулоза и градни болести | 19.09 2022 г. |

| | |
|---|---|
| Недела на борба против зависности | 21.11 2022 г. |
| Недела на борба против ХИВ/СИДА | 05.12 2022 г. |
| Недела на забоздравствена заштита | 12.12 2022 г. |
| Кампања за прва помош со обука спроведена од страна на Црвен Крст и Здравствен Дом под мотото,,Првата помош спасува живот“ | 12.12 2022 г. |
| Светски ден на борба против дијабетис | 14.11 2022 г. |
| Мерење висина и тежина | 15. 09 2022 г. |
| Светски ден на заштита на озонската обвивка-следење на филм Озонска обвивка | 16.09 2022 г. |
| ФЗО-Едукација за правилно седење во училишните клупи,превенција од искривување на рбетот | 16.09 2022 г. |
| Македонски јазик-Стекнување навики за здрава исхрана | 19.09 2022 г. |
| Природни науки-Разговор за хигиената на рацете за време на исхраната заради нивна лична хигиена | 21.09 2022 г. |
| Природни науки-Тема:,,Животни процеси“,Знаци на живот-што ни треба да останеме живи | 27.09 2022 г. |
| Природни науки-Чиста вода,чист воздух-дискусија за важноста на нашето здравје | 30.09 2022 г. |
| Природни науки-Разговор како превенцијата од деформитетите на телото кај учениците преку спортски активности,,Во здраво тело-здрав дух“ | 04.10 2022 г. |
| Проектна активност-Грижа за околината и живеалиштата | 10.10 2022 г. |
| ЕКО VIII-ТЕМА:Здравје-Подигање на свеста на пошироката јавност за користење на здрава храна | 28.10 2022 г. |
| Здрава храна-пакет со јаболка Влада на РМ | 03.11 2022 г. |
| Недела на борбо против срцевосадовите забочувања 21-28.02 2023 г. | 20.02 2023 г. |
| Систематски преглед | 14.03 2023 г.<br>09.03 2023 г.<br>13.03 2023 г.<br>16.03 2023 г.<br>20.03 2023 г.<br>21.03 2023 г.<br>23.03 2023 г.<br>20.02 2023 г.<br>27.02 2023 г.<br>13.03 2023 г.<br>14.03 2023 г. |
| Меѓународен ден на ретките болести-ги обоивме нашите дланки,го подржуваме Денот на ретките болести | 28.02 2023 г. |
| Ден на крводарителство | 17.03 2023 г. |
| Одбележување на 21 Март-Ден на лицата со Даунов индром со прошетка низ градскиот парк и градитскиот плоштад со шарени чорапи | 21.03 2023 г. |
| Хуманитарна акција во соработка со Црвен крст | 22.03 2023 г. |

| | |
|---|---|
| Одбележување на 21 Март-Ден на екологијата и ден на пролета преку средување и уредување на училишниот двор | 21.03 2023 г. |
| Недела на борба против ракот (01-08 март) | 27.02 2023 г. |
| Ден на здравствено воспитание | 27.02 2023 г. |
| Стекнување навики за здрава исхрана МЕНИ | 03.04 2023 г. |
| Светски ден на здравјето-Кај заболекар | 06.04 2023 г. |
| Светски ден на здравјето | 07.04 2023 г. |
| Јас и здравјето:Здраво живеење:Стекнување навики за здрава исхрана:Жежок компир | 10.04 2023 г. |
| Јас и здравјето:Здраво живеење:Водење грижа за лична хигиена:Приказната за Кала | 24.04 2023 г. |
| Одржување на здравјето-Живот без храна | 11.04 2023 г. |
| Одржување на здравјето-Избор на храна | 27.04 2023 г. |
| Одржување на здравјето-Храна за долго патување | 02.05 2023 г. |
| Како правилно да ги измиете забите?Паста за заби-Која паста е најдобра за заби? | 04.05 2023 г. |
| Одржување на здравјето-Што сакаме да пиеме?Колку шеќер содржат нашите најомилени пијалоци? | 09.05 2023 г. |
| Одржување на здравјето-Забите кај човекот.Различни заби за различна храна | 11.05 2023 г. |
| Светки ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина,Недела на Црвениот крст(08-15 мај) | 08.05 2023 г. |
| Јас и здравјето:Здраво живеење:Превенција од пушење и пиењеалкохол:Заштита од пушење-презентаација | 05.05 2023 г. |
| Превенција од злоупотреба на психотропни супстанции-Зависности | 15.05 2023 г. |
| Јас и здравјето:Здраво живеење-Стекнување на навики за здрава искхрана:Здрави навики | 15.05 2023 г. |
| Училишен крос | 22.05 2023 г. |
| 1 Јуни-Ден на детето-хуманитарна акција,,Подари играчка,негувај го детето во себе“ | 01.06 2023 г. |

**УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

**- Дисциплина**

Наставниците, стручната служба,директорот и останатите вработени внимателно и одговорно се справуваа со редовноста на учениците за време на наставата како со физичко присуство .

**-Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**



Во училиштето функционираше Еко одбор кој е одговорен за одржување на зградата и здрава животна средина во училиштето, естетско и функционално уредување на просторот во училиштето, како и уреден еколошки двор со летниковец.

Се организираа акции за чистење на училиштето и училишниот двор, средување на училиштето во текот на цело полугодие.

Во периодот на втората недела од месец декември 2022 г. е извршено новогодишно уредување на училишниот хол .

Уредување на училичниот хол-Велигденски празници во месец април 2023 година.

**-Етички кодекси**

Училиштето има кодекс за однесување на учениците, наставниците ,стручните соработници , родителите и другите вработени во училиштето на видно место каде секој може да го прочита. Кодексот содржи принципи, правила и обврски за сите структури во училиштето.

**-Мулти –културализам**

Од оваа година започнува проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“-проект на УСАИД,спроведен од Македонски центар за граѓанско образование(МЦГО),наставниците ќе реализираат МИО содржини,а тимот од училиштето е задолжен за спроведување на МИО активностите со партнер училиштето ООУ,,Наим Фрашери“-Куманово

**Односи меѓу сите структури**

Како и секоја учебна година и оваа постоеше професионална соработка меѓу вработените, заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училиштето. Постоеше континуирана соработка со семејството, особено родителите, пошироката јавност, претпријатија и организации, институции од различен карактер со цел збогатување на воспитно-образовната работа

***ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ КАДАР***

